**ЗАПИСНИК**
**од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 16.07.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Дејан Премчески.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 28-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.07.2020 година.
2. Покренување на прекршочна постапка против радиодифузер поради прекршување на изборниот молк.
3. Разно

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот Записник од 27-та седница која се одржа претходниот ден, ги пофали вработените од одделението за поддршка на работата на Советот на Агенцијата за брзата изработка на предлог записникот.

Г-дин Фиданоски исто така упати пофалба до вработените во насока дека се експедитивни, прецизни во пренесените дискусии и рече дека нема забелешки на содржината.

Советот на Агенцијата едногласно (г-дин Јанчески имаше технички проблем со видеоконекцијата и неговата согласност беше аудио забележана), го усвои Записникот од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.07.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски во врска со покренувањето на прекршочна постапка против Македонско радио – Прв програмски сервис, објасни дека станува збор за идентично прекршување како кај двата радиодифузери од претходната седница за прекршување на член 76-б став 3 од Изборниот законик. Овој радиодифузер на 14 јули емитувал изјави од министерот за внатрешни работи во време на изборниот молк.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Прв програмски сервис, бр.10-2928/1 од 15.07.2020 година и утврди прекршување на Изборен законик.

Советот едногласно заклучи против програмскиот сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Прв програмски сервис да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, наведениот радиодифузер на 14 јули 2020 година во неколку дневноинформативни изданија емитуваше прилози за активности на Министерството за внатрешни работи за спречување потенцијален криминал поврзан со изборниот процес во кои е емитувана изјава од прес-конференција на министерот за внатрешни работи Наќе Чулев (со тонски запис или прекажана).

Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-2924/3**
**27.07.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**